З А П И С Н И К
од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 август 2025 година

Скопје, август 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 август 2025 година

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваа и Светлана Кузмановска и Наташа Стојановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт. .

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2025 година

- Усвојување на Записникот од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2025 година

1. Предлог-уредба за физичка безбедност на класифицирани информации (*)

2. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2024 година, со Ревидиран финансиски извештај

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-414/1)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.102/20)

5. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и замена на национални возачки дозволи, со текст на Нацрт-договор

6. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2024 година

7. Информација за изменување на Решението за формирање на Совет за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение

8. Информација за разгледување на Извештајот за мониторинг од оценската мисија, согласно начелата на јавната администрација на СИГМА од 2024 година, со Извештај, Акциски план и листа на кратенки

9. Информација за потпишување на Пристапна нота за Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка и министерот за национална одбрана на Република Полска за учество во Меморандумот за разбирање меѓу министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Чешката Република, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, министерот за национална одбрана на Романија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Турција, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со Мултинационалната соработка за воспоставување на летачка обука на НАТО во Европа (ЛОНЕ), со текст на Пристапна нота

10. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во одбраната меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Договор

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа - Идризово, Скопје (кревети и душеци)

12. Информација за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026) од страна на Владата, министерствата и 20 владини институции

13. Информација за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Претседателството на Советот на министри на Италијанската Република и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

14. Извештај за самооценка за статусот на имплементација на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 година - февруари 2025 година

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

16. Информација за изменување на Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот, со Предлог-уредба

17. Предлог-решение за именување на членови на интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

18. Информација за утврдување на мрежата на јавни установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој кои функционираат на ниво на секоја општина со свои организациони единици, со Предлог-одлука

19. Информација за формирање на Национален центар за побезбеден интернет, со Предлог-одлука

20. Предлог-одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2025/2026 година

21. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство

22. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

23. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба (,,Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ бр.53/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95)

24. Барање на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе за промена на Статутот поради промена на седиштето на одделението во Битола, со Одлука за промена на седиштето на одделението во Битола, на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе и Одлука за измена на Статутот на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе

25. Кадровски прашања

26. Прашања и предлози

27. Информација за Првиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2023-2026) на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030) за 2023 година, со Годишен извештај

28. Информација за Вториот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2023-2026) на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030) за 2024 година, со Годишен извештај и табеларен преглед

29. Годишен извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2024 година

30. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2024 година

31. Барање на Брендан Филиповски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

32. Информација за потреба од склучување на Анекс IV кон Договорот бр. 81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија / Швајцарската агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС) заеднички нарекувани „Страни“ Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2, со усогласен текст на Анекс IV кон Договорот

33. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на централен дел од железничкиот Коридор VIII делница Скопје – Кичево

34. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство и за формата и содржината на образецот на податоци за доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство

35. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање Комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Македонија со соседните држави

36. Информација за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2025 година, со Предлог-одлука

37. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Коцев, ул.Фемо Кулаков бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука

38. Информација за реструктуирањето и продолжувањето на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка,

со статус за напредокот во реализацијата на проектните активности, заклучно со јуни 2025 година, со прилози

39. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Усеин Ибраимов, ул. „Калково“ бб, Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука

40. Информација за изменување и дополнување на Заедничката декларација (Joint Declaration) за инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција на Северна Македонија, потпишана во рамките на COP28 на 3 декември 2023 година, со усогласен текст на Дополнета и изменета Заедничка декларација и усогласен текст на Аранжман

41. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија” ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Анекс на Договор бр.9

42. Информација во врска со барањето од Стопанска банка АД Скопје за склучување на Директен договор во врска со финансирањето на Друштвото за производство на електрична енергија Дис енергија ДОО Скопје за реализација на договорите за концесија за производство за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи

43. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, со седиште на ул. „7 Ноември“ бр.179, Охрид, со Предлог-решение

44. Информација за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните акциски планови за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во Годишното ревизорско мислење и годишните извештаи за ревизорска активност за финансиската 2023 година за ИПА програмите имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА

45. Информација за статус на имплементација на програмите во рамки на Инструментот за претпристапна помош–ИПА, имплементирани преку модалитетот на индиректно управување

46. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „с.Извор“, Општина Другово

47. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина –варовник на локалитетот „Горна Краста”, Општина Сопиште

48. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи”, Општина Велес

49. Предлог-одлука за одбивање на Барањето за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за изведување на рударски и градежни работи Машинокоп ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци на локалитетот „Долна Лака“, Општина Росоман

50. Предлог-одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Паликура“, Општина Неготино

51. Предлог-одлука за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот К.О. „Куклиш“, Општина Струмица

52. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура ,,Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје

53. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Студеничани)

54. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Ресен)

55. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.40903, за КО Прилеп, на КП бр.12526/3, викано место/улица „Булевар Маршал Тито“

56. Понуда од нотар Армир Садики од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1255, за КО Сараќино, на КП бр.326, викано место/улица „Рупа“

57. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.11314, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3641, викано место/улица „А.Попов“ и Имотен лист бр.3743, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3640, викано место/улица „Финска“

58. Понуда од нотар Маја Бошкоска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102322, за КО Тетово 1, на КП бр.2656/1, викано место/улица „ЈНА“

59. Понуда од нотар Анита Велиновски од Крива Паланка, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.214, за КО Љубинци, на КП бр.567/1 и КП бр.567/2, викано место/улица „Цепеник“

60. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и шеста одлука)

61. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и деветта одлука)

62. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и десетта одлука)

63. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и единаесетта одлука)

64. Информација за донесена Пресуда во арбитажната постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрозденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомскии, Игор Компанец, Сергии Надиеждин и Володимир Скубенко, како тужители против Република Северна Македонија (Казандол), заведена под број АРБ/19/9

65. Информација за развој на процесот за набавка на 100 амбулантни возила со медицинска опрема преку различни модели на финансирање

66. Информација за Иницијативата на Европската комисија за укинување на роаминг трошоците со земјите од Европската Унија, како дел од Планот за раст на Европската Унија за земјите од Западен Балкан, со Акциски план за усогласување со европското законодавство за роаминг и прилози

67. Предлог-одлука за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба

*
*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 август 2025 година и Записникот од Стотата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 август 2025 година.

*
*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации (*).

Точка 2

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2024 година, со Ревидиран финансиски извештај, како материјал за информирање.

Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-414/1).

Точка 4

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.102/20) и ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.102/20).

Точка 5

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и замена на национални возачки дозволи, со текст на Нацрт-договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и замена на национални возачки дозволи, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и замена на национални возачки дозволи.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и замена на национални возачки дозволи, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, на Владата на Република Северна Македонија да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2024 година, ја усвои и ги донесе следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи во рок од осум месеци, да направи соодветна анализа на податоците прикажани во годишните даночни пријави на даночните обврзници – извршители кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи расходи во работењето и да достави податоци од Годишниот даночен биланс на даночните обврзници – извршители и истите да ги систематизира од аспект на утврдени ризици за помалку платени даноци.

2.Се задолжува Министерството за финансии во рок од шест месеци, да пристапи кон анализа на состојбата во однос на примената на одредбите од членот 218 од Законот за извршување во делот на определување на минимум средства на кои не е дозволено извршување на правните субјекти основани од државата кои се буџетски корисници, во соработка со Министерството за правда, Министерството за економија и труд, стопанските комори во државата, Комората на извршители на Република Северна Македонија, која би била основ за изготвување на соодветни изменувања во членот 218 од Законот за извршување.

Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за формирање на Совет за реформа на јавната администрација, со Предлог-решение, ја усвои и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на Извештајот за мониторинг од оценската мисија, согласно начелата на јавната администрација на СИГМА од 2024 година, со Извештај, Акциски план и листа на кратенки и ја усвои со следните заклучоци:

1.Го усвои Извештајот за мониторинг од оценската мисија, согласно начелата на јавната администрација на СИГМА од 2024 година.

2.Го прифати Акцискиот план - Извештај на СИГМА 2024 – препораки, активности и следење на спроведувањето.

3.Се задолжува Министерството за јавна администрација, како надлежно министерство, да обезбеди координација на процесот и спроведувањето на Акцискиот план каде што се дадени препораките на СИГМА, а надлежните институции дефинирани во Акцискиот план на шест месеци да го известуваат Министерството за јавна администрација за степенот на реализација на активностите.

Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Пристапна нота за Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка и министерот за национална одбрана на Република Полска за учество во Меморандумот за разбирање меѓу министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Чешката Република, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, министерот за национална одбрана на Романија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Турција, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со Мултинационалната соработка за воспоставување на летачка обука на НАТО во Европа (ЛОНЕ), со текст на Пристапна нота и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Пристапната нота за Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка и министерот за национална одбрана на Република Полска за учество во Меморандумот за разбирање меѓу министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Чешката Република, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Црна Гора, Министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, министерот за национална одбрана на Романија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Турција, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со Мултинационалната соработка за воспоставување на летачка обука на НАТО во Европа (ЛОНЕ).

2. Се овластува Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар на Министерството за одбрана да ја потпише Пристапната нота за Министерството за национална одбрана на Канада, Министерството за одбрана на Данска, Министерството за одбрана на Кралството Норвешка и министерот за национална одбрана на Република Полска за учество во Меморандумот за разбирање меѓу министерот за одбрана на Кралството Белгија, Министерството за одбрана на Чешката Република, Министерството за национална одбрана на Република Грција, Сојузното Министерство за одбрана на Сојузна Република Германија, Министерството за одбрана на Унгарија, Министерството за одбрана на Италијанската Република, Министерството за одбрана на Црна Гора, министерот за одбрана на Кралството Холандија, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, министерот за национална одбрана на Романија, министерот за одбрана на Кралството Шпанија, Министерството за национална одбрана на Република Турција, државниот секретар за одбрана на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во врска со Мултинационалната соработка за воспоставување на летачка обука на НАТО во Европа (ЛОНЕ).

Точка 10

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во одбраната меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Договор и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во одбраната меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се определува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка во одбраната меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа - Идризово, Скопје (кревети и душеци).

Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026) од страна на Владата, министерствата и 20 владини институции и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Работната група за спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), во рок од седум дена, да подготви измена на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), во делот на роковите и надлежните институции одговорни за спроведување на активностите и преку Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење и во рок од 45 дена да го достави до Владата.

2.Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 45 дена, да ги објават на своите веб-страници сите информации што произлегле од веќе одговорени барања за пристап до информации од јавен карактер, анонимизирани, започнувајќи од 24.6.2024 година.

3.Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од 60 дена да креира веб-секции на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија за заменицитe на претседателот на Владата и министрите без ресор кои немаат свои веб-страници.

4.Се укажува на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 30 дена, до Владата да достави Извештај за почитување на член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите.

5.Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, кои немаат веб-страници истите да ги креираат во рок од 90 дена.

6.Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 60 дена да усвојат интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер и интерни процедури за активно објавување на податоците со помош на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со цел олеснување на процесот на одговарање на барањата за слободен пристап.

7.Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 30 дена, на нивните веб-страници да ги објават интерните процедури за јавни набавки.

8.Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење во декември 2025 година, да достави до Владата, Информација за степенот на реализација на усвоените заклучоци.

9.Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики на добро владеење, во рок од 15 дена, да подготви и до Владата да достави предлог-решение за формирање на Работна група за подготвување на Нацрт-стратегија за транспарентност (2026-2029).

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање меѓу Претседателството на Советот на министри на Италијанската Република и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Меморандум за разбирање меѓу Претседателството на Советот на министри на Италијанската Република и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 14

Владата го разгледа Извештајот за самооценка за статусот на имплементација на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 година - февруари 2025 година и го прифати со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда, како водечка институција за спроведување на заложбата 3.1 Дигитализација и унапредување на системот за бесплатна правна помош, да организира состанок на работната подгрупа со цел започнување на активности за реализација на достигнувањата предвидени во акцискиот план, најдоцна во рок од десет дена по разгледувањето на Извештајот за самооценка за статусот на имплементација на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 година - февруари 2025 година.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како водечка институција за спроведување на заложбата 4.2 Дигитализација на податоци за унапредување на локалните економски политики, да организира состанок на работната подгрупа со цел започнување на активности за реализација на достигнувањата предвидени во акцискиот план, најдоцна во рок од десет дена по разгледувањето на Извештајот за само-оценка за статусот на имплементација на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 година - февруари 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, како водечка институција за спроведување на заложбата 4.2.1 Дигитализација на податоци за унапредување на локалните економски политики, да организира состанок на работната подгрупа со цел започнување на активности за реализација на достигнувањата предвидени во акцискиот план, најдоцна во рок од десет дена по разгледувањето на Извештајот за само-оценка за статусот на имплементација на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 година - февруари 2025 година.

Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереник, Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација.

Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за клиничките прегледи и другите дополнителни испитувања за утврдување на смрт, како и начинот на утврдување на смртта на лице чии делови од тело може да се земат заради пресадување и за поблиските критериуми по однос на специјалноста кои мора да ги исполнуваат членовите од комисијата која со сигурност ќе го утврди престанокот на работата на мозокот.

Точка 17

Владата го донесе Решението за именување на членови на интерресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на мрежата на јавни установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој кои функционираат на ниво на секоја општина со свои организациони единици, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на мрежата на јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национален центар за побезбеден интернет, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национален центар за побезбеден интернет.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за правда, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а им се укажува на Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за заштита на личните податоци, во рок од пет дена, до Министерството за дигитална трансформација да доставаат номинации за член и заменик-член на Националниот центар за побезбеден интернет.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од пет дена, од добивање на номинациите, до Владата да достави предлог-решение за назначување на национален координатор, заменик национален координатор, членови, заменици-членови и секретар на Националниот центар за побезбеден интернет.

Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2025/2026 година.

Точка 21

Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство и условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство, доколку Министерството за транспорт достави позитивно мислење по истата.

Точка 22

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за економија и труд да достави заедничко мислење подготвено во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за одбрана.

Точка 23

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ бр.53/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ“ бр.53/91 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95), кој гласи:

„Со парична казна од 50 до 100 плати ќе се казни за стопански престап претпријатие или друго правно лице кое се занимава со производство, увоз или промет на намирници или предмети за општа употреба:

1) ако пушти во промет намирници или предмети за општа употреба кои се хигиенски неисправни или ако произведе намирници, односно предмети за општа употреба од хигиенски неисправни суровини (член 5);
2) ако пушти во промет намирници или предмети за општа употреба на кои им истекол рокот за употреба означен во нивната декларација или кои немаат декларација или ако од декларацијата не може да се утврди рокот за употреба, ако се пуштаат во промет во оригинално пакување (член 6 став 1);
3) ако увезува заради пуштање во промет на домашниот пазар намирници или предмети за општа употреба кои во поглед на здравствената исправност не им одговараат на условите што за таквите намирници, односно предмети за општа употреба се пропишани во Социјалистичка Федеративна република Југославија (член 8);
4) ако во производството или прометот на намирници или предмети за општа употреба употреби адитиви и други состојки спротивно на пропишаните услови (член 11, член 13 став 1 и член 14 став 1);
5) ако за призводство на одделни видови предмети за општа употреба, употреби супстанции чија употреба или количество не се дозволени (член 15).
За дејствијата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во претпријатието или во друго правно лице кое се занимава со производство, увоз или промет на намирници или предмети за општа употреба со парична казна од осум до десет плати.

За стопански престап од став 1 на овој член покрај парична казна ќе се изрече и заштитна мерка одземање на прехранбените производи, односно предметите за општа употреба со чие производство или промет е сторен стопански престап, а ќе се изрече и заштитна мерка забрана на правното лице за вршење на производство или промет, како и забрана на одговорното лице да ги врши работните должности кои ги вршело во моментот на сторувањето на стопанскиот престап во траење од шест месеци до една година.“.

2. Според подносителот на Иницијативата:

Согласно член 34 од Законот за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/07), со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да се применуваат одредбите од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ“ бр.53/91 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95), кои се однесуваат само на средствата за одржување на личната хигиена, за нега и разубавување на лицето и телото и амбалажата за тие средства.

Согласно член 22 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/19):
„За прекршоци на прекршочно одговорни сторители може да им се изречат следниве прекршочни санкции:
1) опомена;
2) општокорисна работа;
3) глоба;
4) негативни поени;
5) престанок на важење на возачка дозвола;
6) забрана на управување со моторно возило;
7) забрана на вршење професија, дејност или должност;
8) протерување на странец од земјата;
9) забрана за влез и присуство на спортски натпревари и
10) забрана на користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија.“.

Согласно член 3 став 13 од цитираниот закон „Под поимот глоба, се смета паричен износ пресметан во денарска противвредност на износот на средниот курс на еврото според Народната банка на Република Македонија во времето на изрекувањето на глобата пресметана во денарска противвредност без децимали.“.

Имајќи ги предвид цитираните одредби, подносителот на Иницијативата смета дека за прекршоците на одговорните сторители може да им се изречат прекршочни санкции меѓу кои и глоба, но не произлегува дека може да им се изрече парична казна, ниту пак Законот за прекршоци предвидува институт „стопански престап“.

3. Со оглед на претходното произлегува дека наводите од Иницијативата се сведуваат на неусогласеност на одредбите од предметниот закон со Законот за прекршоците.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ“ бр.53/91 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95), не се усогласени со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и не се во согласност Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да ја прифати Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр58/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на деловите „парична казна“ и „стопански престап“ од член 38 став 1 од Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ“ бр.53/91 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.15/95).

Точка 24

Владата го разгледа Барањето на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе за промена на Статутот поради промена на седиштето на одделението во Битола, со Одлука за промена на седиштето на одделението во Битола, на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе и Одлука за измена на Статутот на Меѓународниот славјански универзитет - Свети Николе и притоа го утврди следното мислење:

Статутот на високообразовната установа се менува и дополнува со Статутарна одлука. Во воведниот дел од Статутарната одлука како правен основ, потребно е да се наведе само член 94 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

Со оглед на тоа што се менува и дополнува важечкиот статут на Универзитетот, се укажува на тоа дека не е потребно носење на нов Статут.

Во членот 2 од Одлуката, со кој се менува член 2 од Статутот, во последниот став, зборовите „и во други градови и држави, со Одлука на основачот и соодветна согласност од надлежен орган", се бришат.

Исто така, потребно е текстот на Статутарната одлука номотехнички да се доуреди.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по наведената одлука, со укажување за постапување по горенаведените забелешки.

Точка 25

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 26

Владата во врска со работењето на правните лица кои се носители на Уверение за оператори на спортски аеродроми овластени од Агенцијата за цивилно воздухопловство заклучи:

Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Управата за јавни приходи, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт - Државен градежен инспекторат, Министерството за локална самоуправа – Инспекторат за локална самоуправа, Државен пазарен инспекторат, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за цивилно воздухопловство, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат спортските аеродроми да направат контроли и да се провери целокупното работење на сите правни лица кои се носители на Уверение за оператори на спортски аеродроми овластени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, посебно во делот на:

-Правен статус на правните лица и начин на нивно основање – трансформирање;

-Имот со кој располагаат и

-Правен статус на имотот, односно начин на стекнување на имотот (наследен, стекнат, легализиран, нелегализиран и сл.) и за истото, во рок од две недели да достават посебни извештаи до Владата.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за Првиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2023-2026) на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030) за 2023 година, со Годишен извештај, како материјал за информирање.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за Вториот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2023-2026) на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030) за 2024 година, со Годишен извештај и табеларен преглед, како материјал за информирање.

Точка 29

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Точка 30

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање, имајќи го предвид Мислењето кое Владата го има утврдено на Деведесет и втората седница на Владата, одржана на 15 јули 2025 година и го има доставено до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 31

Владата го одложи од разгледување Барањето на Брендан Филиповски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави ново мислење по истото.

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од склучување на Анекс IV кон Договорот бр. 81071192, склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија / Швајцарската агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС) заеднички нарекувани „Страни“ Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2, со усогласен текст на Анекс IV кон Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Анекс IV кон Договорот бр. 81071192 склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија / Швајцарската агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС) заеднички нарекувани „Страни“ Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2.

2. Се овластува м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, да го потпише Анекс IV кон Договорот бр. 81071192 склучен на 30.9.2021 година помеѓу Владата на Швајцарската Конфедерација, претставувана од Федералниот департман за надворешни работи, преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија / Швајцарската агенција за развој и соработка (Швајцарска амбасада) и Владата на Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за локална самоуправа (МЛС) заеднички нарекувани „Страни“ Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – фаза 2.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Реконструкција на централен дел од железничкиот Коридор VIII делница Скопје – Кичево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за европски прашања, како национален координатор на Инструментот да се обрати и да побара од Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST), да се додаде нов проект насловен како „Реконструкција на централен дел од железничкиот Коридор VIII делница Скопје–Кичево“ во Индикативната листа на инвестициски проекти од Реформската агенда во рамките на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 (Анекс 2).

2. Се задолжува Министерството за транспорт, во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, да

изработи Апликација за техничка помош за обезбедување на грант средства во висина од 5,3 милиони евра од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ) за консултантски услуги за изработка на: физибилити студија со анализа на трошоци и придобивки, идејни проекти, проценка на влијанието врз животната средина, како и нацрт-текст на апликација за инвестициски грант и да ја достави истата до Министерството за финансии и до Министерството за европски прашања како национален координатор на Инструментот.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт, да достави писмен допис до Европската банка за обнова и развој со кој ќе побара Банката да биде водечка меѓународна финансиска институција која ќе даде поддршка за поднесување на ВБИФ Апликацијата за техничка помош, за проектот Реконструкција на централен дел од железничкиот Коридор VIII делница Скопје – Кичево, со укажување дека зависно од резултатите од изработената документација, Владата ќе се произнесе по однос на финансиската структура на проектот и обезбедувањето на средства за истиот.

4. Се задолжува Министерството за финансии, по добивање на Апликацијата за техничка помош, да ја разгледа истата и да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и Европската банка за обнова и развој и истото да го проследи до Министерството за европски прашања како национален координатор на Инструментот и до Министерството за транспорт.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања, по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе Апликацијата за техничка помош за обезбедување на грант средства во висина од 5,3 милиони евра од Инвестициската рамка за Западен Балкан (ВБИФ), во рамки на Триесет и третиот повик за техничка помош до Инвестициската рамка за Западен Балкан, најдоцна до 25 август 2025 година.

6. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, како иницијатор, а се задолжува Министерството за транспорт како предлагач, да пополнат Образец за концепт на проект за проектот „Реконструкција на централен дел од железничкиот Коридор VIII делница Скопје – Кичево“ и да го достават до Министерството за финансии, во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции.

Точка 34

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство и за формата и содржината на образецот на податоци за доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање Комисија за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Македонија со соседните држави.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2025 година, со Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2025 година.

2. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од десет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на планските и проектните опфати со координати за локациите опфатени со Предлог - одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година.

3. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на планскиот опфат со координати за локациите опфатени со Предлог - одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година, во рок од 60 дена да изработи ажурирани геодетски подлоги и истите да ги достави до Агенцијата за планирање на просторот.

Точка 37

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Коцев, ул.Фемо Кулаков бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука, со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата по завршувањето на изборниот процес.

Точка 38

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата за реструктуирањето и продолжувањето на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со статус за напредокот во реализацијата на проектните активности, заклучно со јуни 2025 година, со прилози, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

Точка 39

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Усеин Ибраимов, ул. „Калково“ бб, Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука, со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Заедничката декларација (Joint Declaration) за инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција на Северна Македонија, потпишана во рамките на COP28 на 3 декември 2023 година, со усогласен текст на Дополнета и изменета Заедничка декларација и усогласен текст на Аранжман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Дополнетата и изменетата Заедничка декларација за инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција на Северна Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Аранжманот за пристап кон Заедничката декларација, на Француската агенција за развој (Agence Française de Développement „AFD”).

3. Ја определи м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Дополнетата и изменетата Заедничка декларација за инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција на Северна Македонија.

4. Ја определи м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Аранжманот за пристап кон Заедничката декларација, на Француската агенција за развој (Agence Française de Développement „AFD”).

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија” ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со Анекс на Договор бр.9 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Изет Меџити, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со број 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.11.2025 година.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 26.1.2026 година.

Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето од Стопанска банка АД Скопје за склучување на Директен договор во врска со финансирањето на Друштвото за производство на електрична енергија Дис енергија ДОО Скопје за реализација на договорите за концесија за производство за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, ја усвои и го овласти м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија да склучи Директен договор со Стопанска банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министеството за енергетика, рударство и минирални суровини.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, со седиште на ул. „7 Ноември“ бр.179, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните акциски планови за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во Годишното ревизорско мислење и годишните извештаи за ревизорска активност за финансиската 2023 година за ИПА програмите имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за образование и наука.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за статус на имплементација на програмите во рамки на Инструментот за претпристапна помош–ИПА, имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, како материјал за информирање.

Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „с.Извор“, Општина Другово.

Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина –варовник на локалитетот „Горна Краста”, Општина Сопиште.

Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Тодорови Бавчи”, Општина Велес.

Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за одбивање на Барањето за доделување концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за изведување на рударски и градежни работи Машинокоп ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци на локалитетот „Долна Лака“, Општина Росоман.

Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Паликура“, Општина Неготино.

Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот К.О. „Куклиш“, Општина Струмица.

Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура ,,Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје.

Точка 53

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Студеничани), со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата по завршување на изборниот процес.

Точка 54

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок истата да се разгледа на седница на Владата по завршување на изборниот процес.

Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.40903, за КО Прилеп, на КП бр.12526/3, викано место/улица „Булевар Маршал Тито“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето од Министерството за транспорт.

Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садики од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1255, за КО Сараќино, на КП бр.326, викано место/улица „Рупа“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.11314, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3641, викано место/улица „А.Попов“ и Имотен лист бр.3743, за КО Сингелиќ 1, на КП бр.3640, викано место/улица „Финска“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маја Бошкоска од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102322, за КО Тетово 1, на КП бр.2656/1, викано место/улица „ЈНА“ и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за транспорт.

Исто така, потребно е Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да достави мислење по предметниот материјал.

Точка 59

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Велиновски од Крива Паланка, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.214, за КО Љубинци, на КП бр.567/1 и КП бр.567/2, викано место/улица „Цепеник“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт, како и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 60

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и шеста одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и шеста одлука), со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 61

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и деветта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 62

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и десетта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 63

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и единаесетта одлука) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 64

Владата ја разгледа и  ја усвои Информацијата за донесена Пресуда во арбитажната постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрозденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомскии, Игор Компанец, Сергии Надиеждин и Володимир Скубенко, како тужители против Република Северна Македонија (Казандол), заведена под број АРБ/19/9.

Точка 65

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за развој на процесот за набавка на 100 амбулантни возила со медицинска опрема преку различни модели на финансирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство до Министерството за финансии да достави годишни проекции со финансиски податоци како ќе се спроведува исплаќањето за различните модалитети на финансирање на набавка на 100 амбулантни возила со медицинска опрема.

Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за Иницијативата на Европската комисија за укинување на роаминг трошоците со земјите од Европската Унија, како дел од Планот за раст на Европската Унија за земјите од Западен Балкан, со Акциски план за усогласување со европското законодавство за роаминг и прилози и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за дигитална трансформација):

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, да го спроведе Акцискиот план за усогласување со европското законодавство за роаминг и за напредокот, на месечна основа, да го информираат министерот за европски прашања м-р Орхан Муртезани, како координатор за Столб I од Планот за раст, согласно Одлуката за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст Западен Балкан („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.1067/25).

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за европски прашања, до Владата да достават детална анализа на правната празнина (GAP analysis) меѓу националното законодавство и релевантните регулативи на Европската Унија, најдоцна до 22 декември 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, да изготви законски и/или подзаконски акти, врз основа на деталната анализа и да ги достави до Владата, најдоцна до 21 април 2026 година.

Точка 67

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба за наредната седница на Владата, поради потребата од проверка на податоците и истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислења од Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14 часот.